# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА
# ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО



| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **БР. 11** **ГОД.25** |



**Општина Чучер-Сандево, Октомври 2022 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува по потреба** | **Понеделник 07.11. 2022 год.** | **Бр. 11 Год. 25** |


# 81.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.6/21), Градоначалникот донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ||| КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2022 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за усвојување на квартален извештај за III квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2022 година што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 17-та седница, одржана на 31.10.2022 година.

**Бр. 09-1281/1**
**01.11.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.’’ бр.5/02), член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.’’ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.244/19, 77/21 и 150/21) и член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’ бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на 17-та седница одржана на ден 31.10.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА III КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2022 ГОДИНА**

1.Се усвојува кварталниот извештај за **III** квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2022** до **30.09.2022** година.

2.Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2022** до **30.09.2022** година, е составен дел на оваа Одлука.

3.Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево''.

**Бр.08-1226/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**31.10.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р**

# 82.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.6/21), Градоначалникот донесе

## РЕШЕНИЕ

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА НАМЕРА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ СО ЗАЕМ ОД ПРОЕКТОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР (ПСЕЕП) И ОВЛАСТУВАЊЕ ПОТПИШУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАЛЕН ДОГОВОР**

Се објавува Одлука за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишувањена Иницијален договор што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 17-та седница, одржана на 31.10.2022 година.

**Бр. 09-1281/2** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**01.11.2022 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на Р.М." бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 77/21 и 150/21), член 4 од Законот за јавен долг („Сл. весник на Р.М." бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и 98/19), и член 22, став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М." бр.5/02), член 16 став 1 точка 13 од Статутот на општина Чучер Сандево („Сл. гласник на општина Чучер Сандево" број 5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на седница одржана на 31.10.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува намерата за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Чучер Сандево, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, со цел финансирање на енергетски ефикасни активности во објекти (проекти):

1. Улично осветлување во населени места во општина Чучер Сандево
2. Загревање за објектот ЈОУДГ „МИЛО МОЕ„ Чучер Сандево

**Член 2**

По прифаќање на предложените проекти од страна на Министерството за финансии (ПСЕЕП единицата), се овластува Градоначалникот во име на Општина Чучер Сандево да го потпише Иницијалниот договор согласно условите од Јавниот повик.

**Член 3**

Условите на задолжувањето ќе се утврдат по одобрувањето на проектите од страна на Министерството за финансии согласно условите наведени во Јавниот повик.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чучер Сандево.

**Бр.08-1226/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**31.10.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р**

# 83.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.6/21), Градоначалникот донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ДОГРАДБА НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ООУ „СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ„ С.КУЧЕВИШТЕ,ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежно земјиште за доградба на основно училиште ООУ „Св.Кирил и Методиј„ с.Кучевиште, Општина Чучер-Сандево што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 17-та седница, одржана на 31.10.2022 година.

**Бр. 09-1281/3** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**01.11.2022 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,) член 59 став 13 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на РС Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20) и член 23 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **17-та** седница одржана на **31.10.2022** година, донесе

## О Д Л У К А
**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ДОГРАДБА НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ООУ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" С.КУЧЕВИШТЕ ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**Член 1**

Со оваа одлука инвеститорот Општина Чучер-Сандево се ослободува од плаќање надомест за уредување на градежно земјиште за доградба на основно училиште ООУ Св.Кирил и Методиј с.Кучевиште Општина Чучер-Сандево на КП 1587 КО Кучевиште, м.в.Село, општина Чучер-Сандево.

**Член 2**

Надоместокот од член 1 на оваа одлука изнесува 159.592,00 денари, согласно Пресметка за надомест за уредување на градежно земјиште доградба на основно училиште ООУ СВ.Кирил и Методиј с.Кучевиште Општина Чучер-Сандево, бр.11-466 од 19.10.2022 година.

**Член 3**

Оваа одлука да се достави до Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1226/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**31.10.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р**

# 84.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.6/21), Градоначалникот донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО ДОЛНО БЛАЦЕ**

Се објавува Одлука за организирање на подрачно училиште во село Долно Блаце што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 17-та седница, одржана на 31.10.2022 година.

**Бр. 09-1281/4** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**01.11.2022 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,) член 23 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) и член 25 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на **17-та** седница одржана на **31.10.2022** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО ДОЛНО БЛАЦЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се организира подрачно училиште во село Долно Блаце, во состав на ООУ „Михаљ Грамено" с.Брест, Општина Чучер-Сандево, за што Министерството за образование и наука има дадено позитивно мислење, број 12-7811/3 од 31.08.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1226/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**31.10.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р**

# 85.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.6/21), Градоначалникот донесе

## РЕШЕНИЕ

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ООУ „МИХАЉ ГАМЕНО„С.БРЕСТ, ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА**

Се објавува Заклучок за усвојување на годишниот извештај на ООУ „Михаљ Грамено„ с.Брест, за учебната 2021/2022 година што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на 17-та седница, одржана на 31.10.2022 година.

**Бр. 09-1281/5**
**01.11.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,) член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **17-та** седница одржана на 31.10.2022 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ**
**НА ООУ “Михаљ Грамено” С.БРЕСТ ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА**

1.Советот на Општина Чучер-Сандево го усвојува Годишниот извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 година, на ООУ “Михаљ Грамено” с.Брест, 17.06.2022 година, усвоен од Училишниот одбор на ООУ “Михаљ Грамено” с.Брест со Одлука бр.03-48/1 од 16.06.2022 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1226/9**
**31.10.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р**

# 86.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.6/21), Градоначалникот донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА, ДЕЛОКРУГОТ, И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за организацијата, делокругот, и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Чучер-Сандево што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 17-та седница, одржана на 31.10.2022 година.

**Бр. 09-1281/6** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**01.11.2022 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 17 (став 7) од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија”, бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и бр.14/20), и член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија.“ бр.5/02) и член 23 став (1) точка 26 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.2/03), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Чучер-Сандево на 17та седница одржана на ден 31.10. 2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Чучер-Сандево**

**I. Општи одредби**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува внатрешната организација на Општина Чучер–Сандево (во натамошниот текст: Општината), видот и бројот на организациони единици, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината, начините и формите на раководење, како и графички приказ (органограм) на внатрешната организација на Општината.

**Член 2**

Општинската администрација на Општина Чучер-Сандево (во понатамошниот текст општинска администрација) ги извршува работите од надлежност на органите на Општината, односно Советот и Градоначалникот на Општината.

Општинската администрација работите ги извршува согласно Законот за локалната самоуправа, други закони, Статутот на Општината и актите на Советот и Градоначалникот на Општината.

**Член 3**

Општинската администрација ги врши следните работи:

1.Ги подготвува актите на Советот и Градоначалникот;

2.Ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;

3.Врши стручни работи за Советот и за Градоначалникот;

4.Го организира и спроведува финансиското работење на Општината;

5.Ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбата и дава иницијатива и предлози за нивно решавање;

6.Доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон.

7.Ракува со документи на Општината и ги чува сè до нивното уништување, односно предавање во Државниот Архив на Република Македонија.

## II. ВИД И БРОЈ НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ

**Член 4**

Врз основа на надлежностите на Општината утврдени со закон, како и групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, општинската администрација е организирана во сектори и одделенија.

**Член 5**

Секторот се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на органите на Општината, како и заради координирање и контрола на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и следење и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

Одделението се образува заради непосредно извршување на една следните работи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, информативно-документациони, информативно-комуникациски, стручно-оперативни, ивестициони, информатичко-технолошки, стручно-административни и други работи.

**Член 6**

Општинската администрација на Општина Чучер-Сандево се организира во следниот сектор и одделенија:

**1.Сектор за правни и општи работи и јавни дејности, во чиј состав се:**
-Раководител на Сектор за правни и општи и јавни дејности ;

**1.1.Одделение за нормативно-правни и општи работи**
-Раководител на одделение за нормативно-правни и општи работи;
-Советник за нормативни правни работи;
-Виш соработник за управување со човечки ресурси;
-Помлад соработник за управување со човечки ресурси;
- Помлад соработник за јавни набавки
-Самостоен референт за архивско и канцелариско работење;
-Технички секретар на градоначалник;
-Помлад референт за упатување на граѓани/странки.
**1.2.Одделение за јавни дејности**
-Раководител на одделение за јавни дејности;
-Советник за јавни дејности;
-Виш советник за здруженија на граѓани и фондации;
-Соработник за невладини организации;
-Помлад референт за млади и младински политики.
**2. Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој;**
-Раководител на Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој;
**2.1. Одделение за урбанизам**
-Раководител на одделение за урбанизам;
-Советник за урбанистичко планирање;
-Виш соработник за издавање на одобренија за градење;
- Соработник за подготовка на документација од управна постапка;
-Помлад соработник за водење на постапка за издавање на одобренија за градење;
-Помлад соработник за урбанистичко планирање.
**2.2. Одделение за комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.**
-Раководител на одделение за комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој;
- Советник за комунални работи и животната средина;
-Виш соработник за подготовка на документација за комунални работи;
-Помлад соработник за подготовка на документација за комунални работи.
**3.Сектор за финансиски прашања и администрирање на даноци**
-Раководител на Сектор за финансиски прашања и администрирање на даноци;
**3.1.Одделение за финансиски прашања**
-Раководител на одделение за финансиски прашања;
-Советник одговорен сметководител;
-Виш соработник за материјално-финансиско работење
**3.2.Одделение за администрирање на даноци**
-Раководител на одделение за администрирање на даноци;
-Советник за процена на недвижен имот;
-Самостоен референт администратор на данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности;
-Самостоен референт данок на имот и комунални такси;
**4.Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат**
-Раководител на одделение за инспекциски надзор- Виш инспектор;

-Советник овластен градежен инспектор;
- Советник општински комунален инспектор;
-Советник овластен инспектор за животна средина;
-Помлад општински комунален инспектор;
-Самостоен референт комунален редар;
-Помлад референт за административно техничка поддршка;

**5.Одделение за внатрешна ревизија**

-Раководител на одделение за внатрешна ревизија;
-Советник внатрешен ревизор

## III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ

### Член 7

**Сектор за правни и општи работи и јавни дејности,** ги врши работите кои се однесуваат на:

-обединување, координирање, контролирање, следење и унапредување меѓусебната соработка со одделенијата кои се во неговиот состав и ги врши работите што се однесуваат на: изготвување на одлуки и други општи и поединечни акти од надлежност на Советот и Градоначалникот;

-изготвување на мислења на актите од аспект на нивната законитост;

-следење на прописите и нивните измени и дополнувања;

-регулирање на имотно-правните односи;

-учество во водење на постапка за експропријација;

-застапување на Општината по претходно овластување од Градоначалникот пред судовите и другите државни органи во Република Македонија;

-архивското работење и административно-техничките работи;

-стручни и организациони работи за Советот и Градоначалникот;

-информирање на корисниците на услугите за полесно остварување на нивните права;

-канцелариското работење кое опфаќа прием, отворање, евиденција и испраќање на актите на органите на Општината;

-дактилографски работи;

-работи за возниот парк и други помошно-технички работи (одржување на хигиена и достава на пошта и др.);

-следење на состојбата во областите на образованието (предшколско, основно и средно), културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на деца и зравствена затита во рамките на законските надлежности;

-следење на прописите и изготвување мислења од овие области;

-предлагање на мерки и активности што треба локалната власт да ги превземе;

-координирање на работите помеѓу локалната самоуправа и примарното зравство, обазованието, културата, социјалната аштита и другите јавни дејности, предвидени со Законот за локалната самоуправа.

-следење на состојбите со еднаквите можности на локално ниво и предлагање на мерки и иницијативи за преземање на мерки за подобрување на состојбата со еднаквите можности.

**Член 8**

**Одделението за нормативно-правни и општи работи** ги врши работите што се однесуваат на:

-изготвување на одлуки и други општи и поединени акти од надлежност на Советот и Градоначалникот;

-изготвување на мислења на актите од аспект на нивната законитост;

-регулирање на имотно-правните односи;

-учество во водење на постапка за експропријација;

-застапување на Општината по претходно овластување од Градоначалникот пред судовите и другите државни органи во Република Македонија;

-постапување по претставки и предлози, архивирање, експедирање и чување на општинската документација на писмата и на општинските пратки;

-следење на прописите од областа на канцелариското и архивското работење;

-водење на книга на архивски знаци и книги за архивска евиденција и книга за архивска евиденција;

-периодично архивирање на општинската документација според законскиот рок за нејзино чување со архивата на Општината;

-трансфер на документите што се чуваат во Државниот архив на Република Македонија;

-преведување и лекторирање за потребите на Градоначалникот, Советот на Општината и општинската администрација: развојот на информатичката технологија за потребите на Општината; и

-вршење на работите што се однесуваат на информирање на граѓаните за полесно остварување на нивните права, изготвување на Службен гласник на Општината.

**Член 9**

**Одделението за јавни дејности** ги врши работите што се однесуваат на:

-следење на состојбите во поглед на развојот на мрежата и задоволување на потребите на граѓаните со установи од областа на предучилишно воспитание, основно и средно образование, култура, спортот и во врска со давање иницијативи и предлози за унапредување на условите за работа и развој на мрежата;

-спроведување на надлежности од областа на образованието во рамките на законските прописи;

-унапредување на спортските и културни збиднувања и манифестации на подрачјето на општината;

-овозможување социјална, здравствена заштита и заштита на децата на подрачјето на општината;

-создавање и ажурирање база на податоци од надлежност на одделението;

-извршување на обврските и надлежностите на Општината од областа на одбраната и заштитата;

-следење на прописите и дава мислење од овие области; и

- предлага мерки и активности што треба локалната власт да ги превземе.

**Член 10**

**Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој** ги врши работите што се однесуваат на:

-обединување, координирање, контролирање, следење и унапредување меѓусебната соработка со одделенијата кои се во неговиот состав и ги врши работите што се однесуваат на: изготвување на одлуки и други општи и поединечни акти од надлежност на Советот и Градоначалникот;

просторно и урбанистичко планирање на Општината;

-следење на состојбите во урбанизација на просторот на Општината;

-покренување на иницијативи за донесување или изменување на деталните урбанистички планови,

-урбанистички планови за стопански комплекси и урбанистичка документација за населените места;

-прибирање и стручно обработување на барањата и иницијативите од физички и правни лица за измена на деталните урбанистички планови;

-подготвување документација и информационата основа за покренување на постапка за изработка, донесување или изменување на детални урбанистички планови на Општината;

-следење и проучување на законите и прописите од својата област;

-изготвување на годишна програма за изработка на урбанистички планови и друга урбанистичка документација;

-проучување и применување на законите, прописите и другите општи акти од областа на урбанизамот и градежништвото;

-издавање на одобрение за градба за објекти од локално значење;

-издавање на насоки при изработка на архитектонски проекти;

-издавање на согласност на архитектонски проекти и проекти за партерно уредување;

-издавање на одобрение за урбани санациони мерки;

-следење на состојбите и организирање изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици;

-изготвување на мислења на актите од аспект на нивната законитост;

-следење на прописите и нивните измени и дополнувања;

-издавање на Б интегрирани еколошки дозволи;

-следење на состојбата во врска со снабдување со вода за пиење и одведување на отпадните води и другите комунални услуги од надлежност на Општината;

-изготвување на програми и други акти од својата надлежност;

-грижа и предлагање мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, растенијата;

-предлагање мерки за намалување на бучавата и нејонизирачкото зрачење, преземање на мерки за превенција и справување со кризна состојба;

-подготвување на програми и предлагање на мерки за поддршка на малите и средните претпријатија и претприемништвото на локално ниво;

-учествување во воспоставување и развојот на мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

-остварување соработка со меѓународни организации, невладини, хуманитарни и други организации;

-грижа за развој на информатичката технологија и нејзино вклучување во функционирањето на Општината;

-подготвување програми за локален економски равој;

-примена на законите, проучување на законите и подзаконските акти и други прописи од областа на даноците и таксите и се грижи за нивна доследна примена;

-грижа и организирање на присилна наплата на локалните даноци, таксите и другите надоместоци;

-обезбедување на навремено задолжување на даночните обврзници согласно законските прописи;

-идентификација на недвижен и подвижен имот;

-водење на регистар на недвижен и подвижен имот со имиња и адреси на даночните обврзници, вкупна површина и вредност;

-проучување на законите и подзаконските акти и други прописи од областа на јавните набавки;

-следење и согледување на потребите од набавки во Општината; и

-изготвување на годишен план за јавните набавки и негова реализација.

**Член 11**

**Одделението за урбанизам,** ги врши работите што се однесуваат на:

-просторно и урбанистичко планирање на Општината;

-следење на состојбите во урбанизација на просторот на Општината;

-покренување на иницијативи за донесување или изменување на деталните урбанистички планови,

-урбанистички планови за стопански комплекси и урбанистичка документација за населените места;

-прибирање и стручно обработување на барањата и иницијативите од физички и правни лица за измена на деталните урбанистички планови;

-подготвување документација и информационата основа за покренување на постапка за изработка, донесување или изменување на детални урбанистички планови на Општината;

-следење и проучување на законите и прописите од својата област;

-изготвување на годишна програма за изработка на урбанистички планови и друга урбанистичка документација;

-проучување и применување на законите, прописите и другите општи акти од областа на урбанизамот и градежништвото;

-издавање на одобрение за градба за објекти од локално значење;

-издавање на насоки при изработка на архитектонски проекти;

-издавање на согласност на архитектонски проекти и проекти за партерно уредување;

-издавање на одобрение за урбани санациони мерки;

-следење на состојбите и организирање изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици;

-уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз;

-вршење на работите сврзани со јавното осветлување на подрачјето на Општината;

-следење на состојбите за уредување и одржување на јавното зеленило, дрворедите, фонтаните и другата комунална опрема, поставена на улиците и другите јавни површини;

-одржување на јавната чистота; собирање, транспорт и депонирање на цврст и технолошки отпад;

-регулација и одржување на речните корита;

-издавање на Б интегрирани еколошки дозволи;

-следење на состојбата во врска со снабдување со вода за пиење и одведување на отпадните води и другите комунални услуги од надлежност на Општината;

-изготвување на програми и други акти од својата надлежност;

-грижа и предлагање мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, растенијата;

-предлагање мерки за намалување на бучавата и нејонизирачкото зрачење, преземање на мерки за превенција и справување со кризна состојба;

-подготвување на програми и предлагање на мерки за поддршка на малите и средните претпријатија и претприемништвото на локално ниво;

-учествување во воспоставување и развојот на мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

-остварување соработка со меѓународни организации, невладини, хуманитарни и други организации;

-грижа за развој на информатичката технологија и нејзино вклучување во функционирањето на Општината; и

-подготвување програми за локален економски равој.

**Одделение за комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој** ги врши работите кои се однесуваат на

уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз;

-вршење на работите сврзани со јавното осветлување на подрачјето на Општината;

-следење на состојбите за уредување и одржување на јавното зеленило, дрворедите, фонтаните и другата комунална опрема, поставена на улиците и другите јавни површини;

-одржување на јавната чистота; собирање, транспорт и депонирање на цврст и технолошки отпад;

-регулација и одржување на речните корита;

-издавање на Б интегрирани еколошки дозволи;

-следење на состојбата во врска со снабдување со вода за пиење и одведување на отпадните води и другите комунални услуги од надлежност на Општината;

-изготвување на програми и други акти од својата надлежност;

-грижа и предлагање мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, растенијата;

-предлагање мерки за намалување на бучавата и нејонизирачкото зрачење, преземање на мерки за превенција и справување со кризна состојба;

-подготвување на програми и предлагање на мерки за поддршка на малите и средните претпријатија и претприемништвото на локално ниво;

-учествување во воспоставување и развојот на мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

-остварување соработка со меѓународни организации, невладини, хуманитарни и други организации;

-грижа за развој на информатичката технологија и нејзино вклучување во функционирањето на Општината; и

-подготвување програми за локален економски равој.

**Член 12**

**Сектор за финансиски прашања и администрирање на даноци** ги врши работите што се однесуваат на:

-следење и примена на законите и подзаконските акти од областа на буџетското и материјално-финансиското работење;

-управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средствата на општината утврдени со буџетот;

-измена и дополнување на буџетот и стратешки план на субјектите;

-контрола на подготовката и извршувањето на буџетот;

-спроведување ex-ante и ex-post финансиска контрола;

-изготвување на финансиски план за извршување на буџетот (месечен, квартален и годишен) за општината и единките корисници на Општината;

- следење на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците на Општината;

-сметководствено евидентирање за извршувањето на буџетот и подготвување на годишна сметка;

-подготовка на годишен финансиски извештај и извештај за извршените ревизии и активности на внатрешниот ревизор, согласно член 47 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Р.М“ бр.90/09);

-благајничко работење;

-подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација;

- пресметување и исплата на платите на вработените во Општината;

-примена на законите, проучување на законите и подзаконските акти и други прописи од областа на даноците и таксите и се грижи за нивна доследна примена;

-грижа и организирање на присилна наплата на локалните даноци, таксите и другите надоместоци;

-обезбедување на навремено задолжување на даночните обврзници согласно законските прописи;

-идентификација на недвижен и подвижен имот;

-водење на регистар на недвижен и подвижен имот со имиња и адреси на даночните обврзници, вкупна површина и вредност;

-проучување на законите и подзаконските акти и други прописи од областа на јавните набавки;

-следење и согледување на потребите од набавки во Општината; и

-изготвување на годишен план за јавните набавки и негова реализација.

**Одделение за финансиски прашања**

-следење и примена на законите и подзаконските акти од областа на буџетското и материјално-финансиското работење;

-управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средствата на општината утврдени со буџетот;

-измена и дополнување на буџетот и стратешки план на субјектите;

-контрола на подготовката и извршувањето на буџетот;

-спроведување ex-ante и ex-post финансиска контрола;

-изготвување на финансиски план за извршување на буџетот (месечен, квартален и годишен) за општината и единките корисници на Општината;

- следење на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците на Општината;

-сметководствено евидентирање за извршувањето на буџетот и подготвување на годишна сметка;

-подготовка на годишен финансиски извештај и извештај за извршените ревизии и активности на внатрешниот ревизор, согласно член 47 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Р.М“ бр.90/09);

-благајничко работење;

-подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација;

- пресметување и исплата на платите на вработените во Општината;

**Одделение за администрирање на даноци**

примена на законите, проучување на законите и подзаконските акти и други прописи од областа на даноците и таксите и се грижи за нивна доследна примена;

-грижа и организирање на присилна наплата на локалните даноци, таксите и другите надоместоци;

-обезбедување на навремено задолжување на даночните обврзници согласно законските прописи;

-идентификација на недвижен и подвижен имот;

-водење на регистар на недвижен и подвижен имот со имиња и адреси на даночните обврзници, вкупна површина и вредност;

-проучување на законите и подзаконските акти и други прописи од областа на јавните набавки;

-следење и согледување на потребите од набавки во Општината; и

-изготвување на годишен план за јавните набавки и негова реализација.

**Член 13**

**Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат** ги врши работите што се однесуваат на:

-вршење на инспекциски надзор во областа на урбанистичко-градежната област;

-вршење на инспекциски надзор во областа на комуналната дејност;

-вршење на инспекциски надзор од областа на сообраќајот и патиштата;

-вршење на инспекциски надзор од областа на заштита на животната средина;

-вршење на инспекциски надзор од областа на угостителско-туристичката и занаетчиската дејност;

-вршење на инспекциски надзор во областа на на платата на локалните даноци и други приходи на Општината;

-вршење инспекциски надзор во областа на основното образование;

-вршење инспекциски надзор во областа на спортот; и

-надзор на јавните претпријатија основани од Општината над физички и правни лица на кој Општината им дала дозвола за вршење на комунална и друга дејност.

**Член 14**

**Одделението за внатрешна ревизија** ги врши работите што се однесуваат на:

-проучување и примена на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон;

-процена на усогласеност на работењето на општината во согласност со законите, подзаконските, интерните акти и договори;

-темелна процена на функционирањето на системот за внатрешна контрола;

-оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на Градоначалникот за намалување на факторите за ризик;

-проверка на точноста, комплетноста и законитоста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи на Општината;

-процена на економичноста, ефикасноста и ефективноста на работењето и користењето на средствата во дефинирана област на активности или програми на Општината;

-темелна процена на работењето на информативно технолошките системи;

-процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, процена и управување со ризиците;

-давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури на Општината;

-изготвување и донесување на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик;

-извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и следење на нивното спроведување;

-изготвување на извештаи од извршените ревизии;

-следење на спроведување на мерките преземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на препораките дадени во ревизорските извештаи;

-изготвување на упатство за работа и повелба за внатрешна ревизија;

-информирање на Градоначалникот за постоење на конфликт на интереси при извршување на ревизорската задача;

-известување до Градоначалникоти лицето задолжено за неправилности, за неправилности или сомнежи за измами или корупција, кои можат да резултираат со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка;

-изготвување на годишен извештај за извршените ревизии и активности на внатрешната ревизија;

-изготвување на план за обука на внатрешните ревизори и следење на нивна имплементација; и

-подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија.

**Член 15**

Општинската администрација врши и работи делегирани од органите на државната управа, во согласност со закон.

**Член 16**

Општинската администрација соработува со соодветна администрација од други општини и соподрачните единици на министерствата и другите државни органи за прашања и проблеми од заеднички интерес.

## IV. НАЧИН И ФОРМА НА РАКОВОДЕЊЕ СО ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ

**Член 17**

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на Општината.

**Член 18**

Вкупниот број на вработени и распоредот на звања и работни места го утврдува Градоначалникот на Општината со Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација.

**Член 19**

Работата на општинската администрација е јавна.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

Оваа одлука може да се измени и дополни на начин и постапка како и при нејзиното донесување.

**Член 21**

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Чучер-Сандево бр.08-854/3 и Одлука за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Чучер-Сандево бр.08-327/7.

**Член 22**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 08-1226/10
31.10.2022 година
Чучер-Сандево

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

**Сања Белинска**

# 87.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 и член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), член 44 став (1) точка 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на општина Чучер-Сандево, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОПИС**

1. Се запира објавување во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево",на одлука бр.08-1226/5 31.10.2022 година, донесена од Советот на Општина Чучер-Сандево.

2. Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево"

**Бр. 09-1281/7** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**01.11.2022 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

# 88.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 и член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр. 05/02), член 44 став (1) точка 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на општина Чучер-Сандево, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОПИС**

1. Се запира објавување во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево",на одлука бр.08-1226/6 31.10.2022 година, донесена од Советот на Општина Чучер-Сандево.

2. Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево".

**Бр. 09-1281/8** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**01.11.2022 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

## С О Д Р Ж И Н А

Стр.

**81.** ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА III КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2022 ГОДИНА....................................2

**82.** ОДЛУКА ЗА НАМЕРА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ СО ЗАЕМ ОД ПРОЕКТОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР (ПСЕЕП) И ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПОТПИШУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАЛЕН ДОГОВОР.......................................................................4

**83.** ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ДОГРАДБА НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ООУ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" С.КУЧЕВИШТЕ ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО.......................................................................5

**84.** ОДЛУКА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО ДОЛНО БЛАЦЕ.............................6

**85.** ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ООУ “Михаљ Грамено” С.БРЕСТ ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА.......................................................................7

**86.** ОДЛУКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА,ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО.......................................8

**87.** РЕШЕНИЕ ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОПИС.......................................................................19

**88.** РЕШЕНИЕ ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОПИС.......................................................................20